**20241582722**

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19, 236/22, 134/24 и 147/24), член 22 од Правилникот за утврдување на цени за топлинска енергија и системски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 225/23 и 153/24) Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 30 јули 2024 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД И ТАРИФНИ СТАВОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА ЗА 2024 ГОДИНА НА ДРУШТВОТО ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ СКОПЈЕ

1. На Друштвото за снабдување со топлинска енергија ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје, за 2024 година се одобрува регулиран максимален приход во износ од 2.244.557.392 денари за испорачана количина на топлинска енергија од 486.958.068 kWh.

2. Во одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа одлука, регулираниот максимален приход за дистрибуција на топлинска енергија изнесува 2.109.894.989 денари, за испорачани 486.958.068 kWh топлинска енергија.

3. Во одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа одлука, надоместокот за снабдување со топлинска енергија изнесува 134.662.403 денари за испорачани количини на топлинска енергија од 486.958.068 kWh, на ниво на мерно место.

4. Врз основа на одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа одлука, а согласно Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.65/19, 219/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.19/22, 197/22 и 226/23), се одобруваат следните тарифни ставови за снабдување со топлинска енергија на ниво на мерно место и тоа:

| Ред.бр. | ТАРИФНИ СТАВОВИ | Единица мерка | цена од 01.08.2024 година |
|---|---|---|---|
| **КАТЕГОРИЈА ДОМАЌИНСТВА** | | | |
| 1. | Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место | ден/kW/ година | 1.396,2789 |
| 2. | Топлинска енергија на ниво на мерно место | ден/kWh | 2,4292 |
| **КАТЕГОРИЈА ОСТАНАТИ** | | | |
| 1. | Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место | ден/kW/ година | 2.443,4881 |
| 2. | Топлинска енергија на ниво на мерно место | ден/kWh | 4,2511 |

5. Релативниот однос на тарифните ставови помеѓу категориите на потрошувачи се Домаќинства и Останати се утврдува да изнесува 1 : 1,75.

6. Тарифните ставови од точка 4 од оваа одлука ќе се применуваат за грејната сезона 2024/2025 година

7. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, се објавува и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, а ќе се применува од 1 август 2024 година.

УП1 бр. 08-316/24
30 јули 2024 година
Скопје

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија
Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.